Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, по скратена постапка

Скопје, .2013 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Со реализација на овој проект значително ќе се подобрат транспортните врски кон Охрид. Автопатската врска ќе обезбеди високо ниво на услуги, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. На оваа делница, која е дел од коридорот 8 се одвива интензивен сообраќај. Постојната состојба на делницата од Кичево до Охрид е со лимитирани геометриски елементи кои директно и неповолно влијаат на брзините и безбедноста во сообраќајот. Тешкиот товарен сообраќај условува создавање на тесни грла и дополнително ја намалува брзината на транспортот. За делумно надминување на овој проблем, во изминатиот период се наметна потреба за ограничување на движење на товарните возила во деновите на викендот, особено во туристичката сезона. Со изградба на оваа делница на ниво на автопат, трајно ќе бидат решени посочените проблеми и ќе се обезбеди брз и сигурен сообраќај во текот на целата година.
Проектот ќе има директно влијание на зголемувањето на вработеноста и економскиот раст. Населението кое што живее во регионите каде што ќе се изведуваат работи на изградба на автопатот ќе има корист од намалување на транспортните трошоци и времето на патување, подобрување на квалитетот на патничкиот и товарниот сообраќај и ќе се создадат значајни можности за вработувања, особено во индустријата за изградба на патишта.

Проценетата вредност за реализација на проектот изнесува 555.549.463,68 долари. За финансирање на истиот, ЈП за државни патишта обезбеди сопствени средства во износ од 50.504.496,70 долари, додека простанатиот износ од 505.044.966,98 долари се обезбедени преку задолжување на ЈП за државни патишта.

Со оглед на тоа што станува збор за инфраструктурен проект од значење за Република Македонија, Владата на Република Македонија на 27 ноември 2012 година потпиша Договор за економска и техничка соработка со Владата на Народна Република Кина, како основа за пристап до поволната кредитна линија на Владата на Народна Република Кина за финансирање на проекти од областа на инфраструктурата и технологијата во средна и источна Европа.

Проектот за изградба на автопат - делница Кичево – Охрид беше презентиран пред Експорт - импорт банката на Кина, која како банка во целосна државна сопственост на Владата на Република Кина ја спроведува поволната кредитна линија за финансирање на проекти од областа на инфраструктурата и технологијата во средна и источна Европа.

Финансирањето на проектот беше одобрено од страна на Бордот на управување на банката, и од страна на Министерството за трговија на Народна Република Кина, по што следеа преговорите во врска со текстот на договорот за заем. Притоа, Експорт - импорт банката на Кина го услови доделувањето на кредитната линија под поволни услови со издавање на државна гаранција, за што Министерството за финансии во име на Република Македонија ќе издаде државна гаранција со која ќе се гарантира целосното и навремено враќање на средствата од заемот од страна на ЈП за државни патишта.

Условите под кои Експорт - импорт банката на Кина го одобри заемот се следните:

- Износ на заемот: 505.044.966,98 долари.
- Рокот на отплата на заемот: 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.
- Каматната стапка: фиксна каматна стапка која ќе изнесува 2% на годишно ниво за целото времетраење на заемот.
- Заемот ќе се отплаќа во 30 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 21 јануари и 21 јули.
- Дополнителни трошоци:
  - Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем, на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Експорт - импорт банката на Кина во износ од 0,25% од износот на заемот.
  - На износот на неповлечените средства од заемот ќе се плаќа провизија на Експорт - импорт банката на Кина во износ од 0,25% на годишно ниво.

Согласно член 22 став 3 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 62/05, 88/08 и 35/11), во име на Република Македонија, министерот за финансии потпишува договор за издавање на државна гаранција или гарантно писмо кон странски заемодавачи, како и договор за обезбедување на државната гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

По усвојување на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на Договор за заем помеѓу ЈП за државни патишта и Експорт - импорт банката на Кина, за кој Министерот за финансии во името на Република Македонија ќе потпише Гарантно писмо со кое Република Македонија ќе го гарантира навременото и целосно сервисирање на обврските од заемот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Причината за приоритетноста за реализација на овој проект  е тоа што ќе придонесе кон значително подобрување на транспортните врски кон Охрид, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. Постојната состојба на делницата од Кичево до Охрид е со лимитирани геометриски елементи кои директно и неповолно влијаат на брзините и безбедноста во сообраќајот. Тешкиот товарен сообраќај условува создавање на тесни грла и дополнително ја намалува брзината на транспортот. Со изградба на оваа делница на ниво на автопат, трајно ќе бидат решени посочените проблеми и ќе се обезбеди брз и сигурен сообраќај во текот на целата година.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за изградба на автопат - делница Кичево – Охрид.

Оттука, Министерот за финансии во име на Република Македонија ќе потпише Гарантно писмо кон Експорт - импорт банката на Кина со кое ќе се гарантира задолжувањето на ЈП за државни патишта за реализација на „ Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“, додека Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, ќе склучат Договор за заем по истоимениот проект, во износ од 505.044.966,98 долари.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

За реализација на Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид се потребни 555.549.463,68 долари. 90% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 505.044.966,98 долари, ќе бидат обезбедени со заем од Експорт - импорт банката на Кина. Преостанатите 10% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди ЈП за државни патишта од сопствени средства.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Експорт - импорт банката на Кина ќе биде 505.044.966,98 долари. Заемопримач ќе биде ЈП за државни патишта, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА „ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ - ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ОХРИД", КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ БАНКАТА НА КИНА И ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид", кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“ кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта во износ од 505.044.966,98 долари, доколку ЈП за државни патишта не ги исполнува и не ги сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“.

Член 3

Условите и начинот на активирање на гаранцијата од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Гарантно писмо кое во име на Република Македонија ќе го потпише министерот за финансии.

Министерот за правда ќе издаде правно мислење за правната важност на Гарантното писмо од став 1 на овој член.

Член 4

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 5

Рокот на отплата на заемот од член 1 на овој закон е 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.

Каматната стапка е фиксна каматна стапка, и ќе изнесува 2% на годишно ниво за целото времетраење на заемот.

Заемот ќе се отплаќа во 30 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 21 јануари и 21 јули.

Член 6

Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем од член 1, на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Експорт - импорт банката на Кина во износ од 0,25% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот од член 1 на овој закон, ќе се плаќа провизија на Експорт - импорт банката на Кина во износ од 0,25% на годишно ниво.

Член 7

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и ЈП за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

•ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:
Согласно член 22 став 3 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 62/05, 88/08 и 35/11), во име на Република Македонија, министерот за финансии потпишува договор за издавање на државна гаранција или гарантно писмо кон странски заемодавачи, како и договор за обезбедување на државната гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.
Врз основа на горенаведеното, Министерството за финансии предлага Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид", кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, со кој се одобрува задолжувањето и издавањето на државната гаранција.
Во член 1 од Законот, Република Македонија презема обврска да го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид" кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта во износ од 505.044.966,98 долари, доколку ЈП за државни патишта не ги исполнува и не ги сервисира обврските од Договорот за заем.
Согласно член 2 и член 3, условите и начинот на користење на заемот и условите и начинот на активирање на гаранцијата се утврдуваат со Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, односно со Гарантното писмо кое во име на Република Македонија ќе го потпише министерот за финансии.
Министерот за правда на Република Македонија, по потпишувањето на Договорот за заем и Гарантното писмо, ќе потпише Правно мислење за Гарантното писмо, со кое ќе потврди дека истото е правно обврзувачко за нашата земја.
Во член 4 се утврдува дека сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем, како и сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.
Согласно член 5 и член 6 од Законот, Експорт - импорт банката на Кина ќе го додели заемот под следните услови:

- Рокот на отплата на заемот е 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.
- Каматната стапка е фиксна каматна стапка, и ќе изнесува 2% на годишно ниво за целото времетраење на заемот.
- Заемот ќе се отплаќа во 30 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 21 јануари и 21 јули.
- Дополнителни трошоци:
  - Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем, на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Експорт - импорт банката на Кина во износ од 0,25% од износот на заемот.
  - На износот на неповлечените средства од заемот ќе се плаќа провизија на Експорт - импорт банката на Кина во износ од 0,25% на годишно ниво.

Имајќи го предвид фактот дека не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за

заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, да се донесе по скратена постапка, а Законот да стапи на сила со самото објавување во “Службен весник на Република Македонија”

По усвојување на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на Договор за заем помеѓу ЈП за државни патишта и Експорт - импорт банката на Кина, за кој Министерот за финансии во името на Република Македонија ќе потпише Гарантно писмо со кое Република Македонија ќе го гарантира навременото и целосно сервисирање на обврските од заемот.

Дополнително, согласно член 22 став 3 од Законот за јавен долг, и член 7 од Предлог Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид“, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, Министерството за финансии во името на Република Македонија како гарантор и ЈП за државни патишта ќе склучат посебен Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Гарантното писмо.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со реализација на овој проект значително ќе се подобрат транспортните врски кон Охрид. Автопатската врска ќе обезбеди високо ниво на услуги, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. На оваа делница, која е дел од коридорот 8 се одвива интензивен сообраќај. Постојната состојба на делницата од Кичево до Охрид е со лимитирани геометриски елементи кои директно и неповолно влијаат на брзините и безбедноста во сообраќајот. Тешкиот товарен сообраќај условува создавање на тесни грла и дополнително ја намалува брзината на транспортот. За делумно надминување на овој проблем, во изминатиот период се наметна потреба за ограничување на движење на товарните возила во деновите на викендот, особено во туристичката сезона. Со изградба на оваа делница на ниво на автопат, трајно ќе бидат решени посочените проблеми и ќе се обезбеди брз и сигурен сообраќај во текот на целата година.

Проектот ќе има директно влијание на зголемувањето на вработеноста и економскиот раст. Населението кое што живее во регионите каде што ќе се изведуваат работи на изградба на автопатот ќе има корист од намалување на транспортните трошоци и времето на патување, подобрување на квалитетот на патничкиот и товарниот сообраќај и ќе се создадат значајни можности за вработувања, особено во индустријата за изградба на патишта.

За реализација на Проект за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид се потребни 555.549.463,68 долари. 90% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 505.044.966,98 долари, ќе бидат обезбедени со заем од Експорт - импорт банката на Кина. Преостанатите 10% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди ЈП за државни патишта од

сопствени средства.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Експорт - импорт банката на Кина ќе биде 505.044.966,98 долари. Заемопримач ќе биде ЈП за државни патишта, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта по проектот „Изградба на патна делница Кичево - Охрид“ во износ од 505.044.966,98 долари, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Гарантното писмо, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и ЈП за државни патишта ќе склучат посебен договор.